РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2402/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *запознавање на околината* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

З. Хорватовиќ

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

III ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, јуни 2010

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги проширува сознанијата за непосредната околина и да ја сфати поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да ги запознава основните детски права;
- да стекнува свест за значењето на знаењата во личниот и општествениот живот;
- да се оспособува да користи различни извори на знаења;
- да ги запознава различните начини на масовни комуникации и пренесување на информации;
- да ги сознава односите во семејството и да се поттикнува за хармонични семејни и пријателски односи;
- да стекнува сознанија и навики за здрава исхрана и чување на здравјето;
- да стекнува сознанија за правилата на културно однесување и да се поттикнува да ги почитува;
- да ги проширува знаењата за своето место, родниот крај и својата татковина;
- да се оспособува за ориентација во просторот и времето;
- да ги согледува сличностите и разликите меѓу човекот, животните и растенијата;
- да ги проширува сознанијата за сообраќајот и разновидните сообраќајни средства;
- да стекнува знаења за безбедно однесување при движење на улица и пат;
- да се поттикнува на заштита на природата;
- да ги проширува знаењата за културата на својата заедница и другите заедници;
- да развива позитивен однос кон мултикултурализмот;
- да користи ИКТ за доаѓање до нови сознанија за околината.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ЈАС СО ДРУГИТЕ И ДРУГИТЕ СО МЕНЕ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br>▸ да осознае дека секоја година е повозрасен/а;<br>▸ да се спознава себеси, својот личен напредок, своите цели, потреби и желби;<br>▸ да развива самодоверба во своите способности и умеења;<br>▸ да го спознава значењето на важноста за меѓусебното разбирање;<br>▸ да спознава дека луѓето кои живеат и работат заедно стапуваат во одредени меѓусебни односи (љубов, почитување, грижа, доверба пријателство, соработка, праведност);<br>▸ да се поттикнува да ги почитува разликите (пол, етничка припадност, социјално потекло, надворешен изглед);<br>▸ да развива почитување и доверба кон другите;<br>▸ да ги запознае | ▸ Знам и можам повеќе<br>▸ Јас и ти, ние и вие | ▸ Се развивам<br>▸ Соработка, другарство, почитување | ▸ Разговор со другите за себеси и откривање што постигнал/а, колку напреднал/а од претходната година во знаењето, вештините, во физичките карактеристики, во снаоѓањето во просторот.<br>▸ Разговор со ученикот за тоа дали кај него/неа се пројавил/а интерес за нешто ново, дали научил/а нешто ново, дали тоа што веќе го знаел/а некаде го применила/а и сл.<br>▸ Работилница на тема: Колку ги разбираме потребите и барањата на другарчињата и на членовите на нашето семејство?<br>▸ Поделба на учениците на два спротивставени табори и поттикнување на дискусија на тема: Односите помеѓу луѓето.<br>▸ Прикажување преку цртеж (за слабовидните ученици) или преку изработка со пластелин или глина (за слепите ученици) меѓусебни односи и разлики меѓу луѓето.<br>▸ Работилници на тема: Сега сум поголем/а, Ме интересира..., Моите желби, Моите потреби, Јас сум највешт/а во...<br>▸ Организирање работилници на тема: Јас и ти, Ние и вие, Игри на улоги, Мојот најдобар другар, Помагам на другите, ситуациони игри, изготвување плакати, драматизација, стрип, книга и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| основните детски права;<br>▸ да се запознае со службите и луѓето кои помагаат да се остварат и кои ги заштитуваат детските права. | ▸ Моите права и должности | ▸ Права, должности<br><br>▸ Детска амбасада; УНИЦЕФ; СОС-телефон | сл. и нивна презентација.<br>▸ Работилница: Воочувам сличности и разлики.<br>▸ Пишување, цртање моделирање за слепите ученици на права и должности и нивно поставување на соодветни места во училницата, посета на Детската амбасада, читање на книги од УНИЦЕФ, гледање цртани филмови на тема: Детски права, запознавање со СОС- телефонот, разговори и сл. |

| **ТЕМА: УЧИЛИШТЕТО И ЗНАЕЊЕТО (ориентационо 10 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▸ да стекне сознание дека учењето е важно за личниот развој;<br>▸ да знае деке треба да добие информации од повеќе извори;<br>▸ да осознае дека секој човек успешно учи на различен начин;<br>▸ да развива навики за почитување на заедничкиот распоред на активностите во одделението;<br>▸ да учествува во работата и задачите на одделенската | ▸ Училиштето и знаењето<br><br>▸ Како е организирано моето одделение? | ▸ Учење, знаење<br><br>▸ Одделенска заедница, тимови | ▸ Дискусија: Што ќе се случи ако не одам на училиште? (Ако не постојат училишта?) - преку драматизација да се стави во актуелната ситуација и да се поттикне локичкото размислување, што ако...?<br>▸ Работилница: Од каде сé може да се стекне знаење?<br>▸ Учениците да се поделат во неколку групи и да напишат начини на тоа како може да се дојде до знаења, а наставникот да им истакне на учениците дека и добивањето знаења преку Брајовата литература е подеднакво важно и релевантно како и другите извори, а со тоа да им ја јакне самодовербата.<br>▸ Правење книга *Мојата одделенска заедница*, со видно писмо или со Брајова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| заедница;<br>▸ да учествува во донесувањето одлуки за работата на одделенската заедница;<br>▸ да развива способности за тимска работа;<br>▸ да развива чувство на припадност кон своето училиште;<br>▸ да се поттикнува на одговорност за чување на училницата, чување на ентериерот и грижа за училишниот двор;<br>▸ да се поттикнува за разубавување на училишниот простор. | ▸ Го разубавувам моето училиште | ▸ Уредност, хигиена | азбука, разговори за обврските во одделението, составување планови на работа во одделението, донесување на правила на однесување и поставување на соодветни места со учество на учениците.<br>▸ Работилница (работа во групи, парови): презентирање на сопствени идеи за уредување на училишниот простор, правење планови за распоред на активностите за уредување, правење скици, практична работа, грижа и нега за еколошкото катче. |

| **ТЕМА: ОДНОСИ ВО СЕМЕЈСТВОТО (ориентационо 12 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ја сфати улогата и значењето на семејството;<br>▸ да се запознава со различните видови на заедничко живеење;<br>▸ да стекнува основни сознанија дека подмладокот во | ▸ Моето потесно семејство (родители, брак, раѓање) | ▸ Брак, раѓање, предци, потомци, заедничко живеење | ▸ Разговор по следење семеен албум (со акцент на веселбата при склучување на бракот, лични фотографии од различна возраст), разговор по извршена посета на работното место на родителите, при што наставникот мора да биде внимателен со оние ученици кои потекнуваат од поинакви средини, со еден родител, без родители и сл.<br>▸ Разговор за родово стереотипни и нестереотипни занимања (жена-научник, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| семејството со раѓа, негува, се развива;<br>▸ да спознава различни облици на семејни заедници;<br>▸ да ја осознае потребата од работење како услов за егзистенција на семејството;<br>▸ да ги надминува родовите стереотипи во врска со занимањата;<br>▸ да ги знае и именува роднинските врски (родово стебло);<br>▸ да ја осознава улогата на пријателите и соседите на семејството;<br>▸ да ги почитуваа правилата на соживот и почитување со соседите и пријателите;<br>▸ да ја осознае намената на просториите во домот;<br>▸ да ја осознава потребата од заштита и грижа за својот дом;<br>▸ да осознае што значи сопственост и приватност;<br>▸ да умее самостојно да | ▸ Роднини, соседи и пријатели на моето семејство<br><br>▸ Каде живеам<br><br>▸ Здраво живеење во семејството | ▸ Роднини: чичко, стрина, вујко, вујна, тетка, тетин, братучеди.<br>▸ Сосед,соседство, пријателство, покана.<br>▸ Куќа; стан; грижа; опасност.<br>▸ Активности; хоби.<br>▸ Здрава храна, витамини, заштита, хигиена, лекар, стоматолог, амбуланта. | возач; маж-шивач во фабрика, слеп или слабовиден наставник и други професии кои би можеле да ги работат лицата со оштетен вид, развивање дискусија за оваа тема.<br>▸ Разговор за роднините и нивната взаемна поврзаност. Групна или индивидуална изработка на родово стебло.<br>▸ Разговор за правилата на однесување и живеење во куќа, зграда, населба, во ученички дом и сл.<br>▸ Разговор за омиленото катче во домот, во ученичкиот дом и др.<br>▸ Разговор за можни опасности во домот: „Што ако..."Ставање на учениците во симулирани ситуации на пожар, земјотрес и сл.<br>▸ Разговори: Што сѐ правиме дома/ во ученичкиот дом во текот на денот?, раскажување на дневните активности правење споредби, сугестии од страна на наставникот за воведување нови, корисни активности.<br>▸ Омилен дел од денот ми е ... Цртање/моделирање<br>▸ Посета на амбуланта и стоматолошка ординација; посета на Пазар и продавница на здрава храна; составување на мени за здрава храна; албум на здрава храна; пишување на пораки за унапредување на здравјето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| го осмисли своето слободно време;<br>▸ да стекнува знаења за здрава исхрана и чување на здравјето;<br>▸ да го осознае значењето на вакцинирањето;<br>▸ да се запознае со некои детски заболувања, нивното пренесување и заштита од нив;<br>▸ да се поттикнува да одржува редовна лична хигиена. | | | |

| ТЕМА: МОЈОТ РОДЕН КРАЈ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ги проширува сознанијата за својот роден крај;<br>▸ да ги проширува сознанијата за општи-ната во која живее;<br>▸ да ја именува општината и да ги запознава поважните институции во неа;<br>▸ да се запознае дека со секоја општина раководи | ▸ Мојот роден крај | ▸ Град; село; општина; градоначалник. | ▸ Прошетки низ местото на живеење, разговор за обележјата, фотографии, доживување на родното место според специфичен мирис на одредено типично јадење, според специфичен звук и сл.<br>▸ Легенди за родното место, разговор пред релјефната картата на Македонија; одбележување на својот роден крај; посета и разговор со градоначалникот; правење макета, цртање.<br>▸ Разговор и разгледување на историски енциклопедии.<br>Приказни, легенди, филм.<br>Цртање/ моделирање; посета на музеј; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| градоначалник;<br>▸ да се запознава со поважните историски случувања во својата татковина;<br>▸ да развива патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја;<br>▸ да ги проширува знаењата за културните традиции на татковината;<br>▸ да ги почитува традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај;<br>▸ да ги запознава природните богатства на својата општина и татковина. | ▸ Мојот крај има минато и традиција<br><br>▸ Убавините на родниот крај | ▸ Историја; минато; ликови од историјата; фолклор; архитектура; знаме; химна; пари; монети.<br><br>▸ Природни богатства | посета на стари градби;<br>народни приказни од различни култури во РМ.<br>▸ Разговор за фотографии, разгледници на родниот крај (локални занаети, носии, јадења, растенија, природни убавини).<br>▸ Приказни, легенди. |

| ТЕМА: ЈА ИСТРАЖУВАМ ПРИРОДАТА (ориентационо 18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ги продлабочи стекнатите сознанија за почвата;<br>▸ да ги продлабочува стекнатите сознанија за водата; | ▸ Почвата во мојата околина<br>▸ Вода | ▸ Почва, пропусливост<br>▸ Вода | ▸ Набљудува, мириса, допира различни примероци на почва, разговара за нивните својства; истражувачки активности за почвата и растенијата; разговор за загадување на почвата; истражува која почва е погодна за растенијата; разговара за што се се користи водата. Што се случува со водата кога се загрева, а што кога се замрзнува? |
| ▸ да ги продлабочува стекнатите знаења за воздухот;<br>▸ да осознае за движењето на воздухот (ветер); | ▸ Воздух | ▸ Воздух, паѓање, летање | ▸ Прави експерименти заедно со наставникот. Допира вода во различни состојби, преку допир и мирис ги осознава нејзините својства. Споредува загадена и чиста вода, ја опишува и зборува за последиците од консумирање на загадената.<br>▸ Истражува за што се користи воздухот. Како се однесуваат предметите и живите организми во воздухот (паѓаат, летаат)? |
| ▸ да ги продлабочи стекнатите сознанија за светлината;<br>▸ да го опише дневното движење на сонцето; | ▸ Светлина | ▸ Оган, сонце, сијалица<br>▸ Изгревање и заоѓање на сонцето | ▸ Истражувачки игри со пропуштање на светлината од различни извори низ различни материјали.<br>▸ Истражува како се однесува растение во недостиг на сончева светлина и со сончева светлина; набљудува/ му опишува наставникот движење на сонцето, изгревање, заоѓање.<br>▸ Истражувачки игри: Настанување на звукот (природни и вештачки извори). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да разликува различни звуци;<br>▸ да запознава различни извори на звуци. | ▸ Звуците околу нас | ▸ Звук, извори на звук, бучава, одбивање | ▸ Слушање на тивки и гласни звуци; препознавање на глас на другарчето, со покриени очи; разговор за заштита од бучава. |

**ТЕМА: ОДЛИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** (ориентационо 24 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да го препознава и опишува изгледот на околината;<br>▸ да стекне сознанија дека во околината живеат различни живи организми;<br>▸ да ги препознава и разликува деловите на растението;<br>▸ да разбере дека растенијата произведуваат семки од кои повторно се создаваат растенија;<br>▸ да се запознае дека ливадите се користат како пасишта;<br>▸ да се запознае со некои житни растенија;<br>▸ да ги продлабочи знаењата за шумските дрвја и нивното значење; | ▸ Мојата околина<br>▸ Живиот свет околу мене<br>▸ Растенијата во мојата околина<br>▸ Делови на растението<br>▸ Растенија на ливада<br>▸ Растенија на нива | ▸ Височина; рид; рамнина<br>▸ Растителен свет<br>▸ Корен; стебло; лист; цвет; семка<br>▸ Трева/растенија<br>▸ Житни растенија<br>▸ Даб; бука; шума | ▸ Набљудување, ориентирање во блиската околина.<br>▸ Воочување на височини и рамнини преку лично искуство.<br>▸ Обликување на околината од природен материјал, глина, тесто.<br>▸ Разгледува слики постери, енциклопедии ( со впечатливи бои и димензии) релјефни слики за слепиот ученик.<br>▸ Прошетка, набљудување на цветна градина, поле, ливада, шума, преку мирис на растенијата, допир и сл.<br>▸ Разгледување слики, енциклопедии.<br>▸ Набљудување на различни видови растенија во нивната природна средина, собира примероци на различни растенија; набљудува растенија; разговара за деловите на растението.<br>▸ Цртање/моделирање на растителните делови.<br>▸ Истражувачки активности за растење на растението (почва, полевање, светлина).<br>▸ Прошетка на ливада (и нива); посета на млин/воденица.<br>▸ Истражува од кои растенија се прави чај (со задолжителна помош на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да ги прошири сознанија за животните кои ги одгледува човекот;<br>▸ да се запознае со грижата на човекот за домашните животни и ползата од нив;<br>▸ да препознава и именува некои животни;<br>▸ да стекне сознанија за значењето на дивите животни;<br>▸ да открива некои сличности и разлики кај растенијата, животните и човекот. | ▸ Шумски дрвја<br>▸ Животни - домашни и диви животни<br>▸<br>▸ Сличности и разлики меѓу човекот, растенијата и животните | ▸ Домашни животни; диви животни | наставникот).<br>▸ Предупредување: некои растенија или нивни делови се отровни.<br>▸ Разгледување слики, енциклопедии; модели на препарирани животни, разговара за животните.<br>▸ Изработка на албуми за животните, макети на животни.<br>▸ Истражување за корист од домашните животни, консумира производи од животни, споредува и разликува вкусови.<br>▸ Посета на фарма или селски двор.<br>▸ Учествува во изработка на тераиум, пано, ИКТ.<br>▸ Разговор за живите организми и како тие се размножуваат; набљудување на примероци од растенија и животни (како се раѓаат, развиваат).<br>▸ Изработка на пано или организирање на изложба на изработки од глина, тесто или пластелин.<br>▸ Истражување на заемната поврзаност на живите организми.<br>▸ Како настануваат растенијата, животните, човекот? |

| ТЕМА: ОРИЕНТАЦИЈА ВО ВРЕМЕТО И ПРОСТОРОТ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да знае да ги именува и определува главните страни на светот според сонцето;<br>▸ да се ориентира во просторот;<br>▸ да ги именува месеците во годината;<br>▸ да ги запознае народните имиња на месеците во годината;<br>▸ да ги именува главните карактеристики на месеците и годишните времиња;<br>▸ да стекнува поим за часот како мерка за времето. | ▸ Главни страни на светот<br>▸ Месеци во годината<br>▸ Часовник | ▸ Страница светот<br>▸ Месеци; календар.<br>▸ Часовник; минута; стрелки | ▸ Прошетка во блиската околина, набљудување на сонцето, на сенките; на звуците, допирање на предмедите од околината и ориентирање според нив.<br>▸ Определување на страните на светот според сенките на дрвјата и на предметите, според мовта на дрвјата.<br>▸ Разгледување Брајов календар или календар со видно писмо, разгледување календар со народни имиња на месеците (на пр.: сечко, листопад...). Разговор по сликите, изработка на календар, читање на текстови за името на секој месец, енциклопедии.<br>▸ Разговори за тоа во кој месец му е роденден на секој ученик.<br>▸ Разгледување на слики за часовникот, читање на текстови за мерење на времето во минатото и сега (песочен, сончев часовник, часовник со клатно, дигитален). |

| ТЕМА: СООБРАЌАЈ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ги продлабочува знаењата за сообраќајот во околината;<br>▸ да се оспособува за процена на безбедна и небезбедна ситуација во сообраќајот;<br>▸ да се прилагодува кон условите на сообраќајот;<br>▸ да се запознава со улогата на сообраќајните знаци во сообраќајот;<br>▸ да ги препознава и да ги почитува сообраќајните знаци во реална ситуација;<br>▸ да знае каде се преминува крстосницата;<br>▸ да знае да ја процени ситуацијата во сообраќајот и безбедно да поминува улица;<br>▸ да умее да ја проценува ситуацијата во сообраќајот и правилно да реагира.<br>▸ да се запознае со | ▸ Ученикот и сообраќајот во околината<br>▸ Сообраќајни знаци<br>▸ Пред крстосница<br>▸ Видови сообраќај | ▸ Сообраќајни знаци; пешачки премин; деца на патот; стоп; болница; училиште.<br>▸ Крстосница, одбележана крстосница; неодбележана крстосница.<br>▸ Воден сообраќај; воздушен сообраќај; сувоземен сообраќај.<br>▸ Возач, машиновозач, пилот, морнар, капетан<br>▸ Култура на однесување | ▸ Набљудување на сообраќајот во околината; симулација на различни сообраќајни ситуации; примена на слики, модели, слајдови и сл.<br>▸ Набљудува слики/макети со сообраќајни знаци, слајдови, програми во ИКТ; црта, изработува сообраќајни знаци од ликовни материјали (глина, пластелин); симулација во училиштен двор со употреба на готови или нацртани знаци.<br>▸ Набљудување на одбележана и неодбележана макета на крстосница направена од картон, симулација во училиштен двор, на полигон, вежби за преминување на улица каде што има звучен семафор и давање на инструкции како се преминува улицата онаму каде што нема звучен семафор, илустрации, цртање слајдови, слики, макети, примена на ИКТ, преминување накрстосници во присуство на возрасни лица.<br>▸ Разговори со учениците за превозните средства со кои патувале; разгледување на сообраќајните средства со помош на ИКТ; цртање, моделирање на истите.<br>▸ Набљудување на правилно однесување во сообраќајот на ТВ, слајдови; размена на искуства меѓу учениците и наставникот; симулација на реални настани за (стари лица, фрлање отпадоци, пуштање музика, чекање на ред, ослободување на место на другиот и др). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| видовите сообраќај (воден, сувоземен, воздушен), сличности и разликите меѓу нив;<br>▸ да се запознае со сообраќајните средства за секој вид сообраќај;<br>▸ да развива навики за правилно и културно однесување на улица, на пешачки премин, во возила на јавен сообраќај и примена на таа култура. | ▸ Култура во сообраќајот (како да се однесувам во сообраќајот) | | |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- *Насоки за меѓупредметно поврзување*
- *Наставните содржини од предметот запознавање на околината даваат можност за интегрирано, целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно образование, музичкообразование и физичко и здравствено образование.*
- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови*:

  Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, во согласност со потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата. Се користат актуелните настани и ситуации во одделението и се поврзуваат со искуството на учениците кое настанува надвор од училиштето. Колку што е можно учениците околината да ја запознаваат непосредно. При набљудувањето се упатуваат да ги употребуваат сите можни сетила.

  Во наставната програма дадени се цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците. Активностите понекогаш опфаќаат повеќе цели, како и цели од различни содржини. Така една цел можеме да ја постигнеме преку различни активности. Примерите на активностите се предлози, а наставникот може за постигнување на целите да избере и други соодветни активности.

  Пристапот при реализирањето на оваа програма со учениците со оштетен вид е поспецифичен во поглед на начините на кои се пренесуваат знаењата, методите кои се применуваат и слично.

Кога се реализира настава со ученици со оштетен вид мора повеќе да се применуваат природни, конкретни материјали, а помалку слики, цртежи и сл. Треба да се внимава на асоцијаците кои им се даваат на учениците за одредени ситуации и состојби и при тоа да се работи на збогатување на нивниот речник со нови поими.

Посебен акцент наставникот треба да стави при реализирање на темата Ориентација во време и простор и истата да ја поврзе со целите на постоечкиот предмет ориентација и мобилност.

Исто така, треба да се внимава на состојбите во семејните односи кај учениците при реализирање на темата за семејството, со цел да не се повредат нечии чувства.

Наставникот треба постојано да ги мотивира учениците да истражуваат и да дознаваат нови работи.

- *Наставни средства:*

- непосредната околина – предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
- дидактички средства и материјали;
- истражувачки катчиња;
- куклен театар;
- визуелни средства (слики, апликации, фолии, паноа, огласни табли, географска карта и релјефна карта на Македонија, модели, макети);
- сликовници, енциклопедии, списанија и сл.;
- Интернет, образовни софтвери со вградена звучна програма;
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД-плеер, видео-плеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства);
- звучна литература;
- примена на ДВД
- Брајова литературе;
- Брајова машина;
- ТВ лупа;
- swell touch машина;
- машина за пластифицирање на флеш картички на животни, растенија и сл.;
- ваккум преса;
- релјефни карти;
- макети на сообраќајни средства;
- препарирани животни.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците:*
Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето, врз основа на претходните знаења и искуства на ученикот/ученичката - дијагностичко оценување.

*Начини на проверување и оценување:*

- описно оценување:
  - опсервација на ученикот;
  - разговор како начин на изразување;
  - мотивација, интереси, активности, соработка, почитување на другите;
  - водење на развојно и аналитичко портфолио за секој ученик/ученичка;
  - користење на евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
  - детски изработки поединечни, групни;
  - контролни работи,тестови на знаења;
  - примена на листи за аналитичко оценување на истражувачки активности (планирање на работата,
  - способности за истражување, способности за прибирање и обработка на податоци и др.);
  - микросумативно оценување;
  - сумативно оценување на крајот на годината преку автентичен запис за постигањата на секој ученик/ученичка.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по запознавање на околината за трето одделение може да ја реализира лице кое завршило:
- Филозофски факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- умее да се претстави со основните лични податоци (име, презиме, место на живеење);
- ги искажува своите желби, потреби и интереси;
- ги знае основните детски права и институциите кои се грижат за нивна заштита;
- ги знае задачите и работата на одделенската заедница;
- ги знае членовите на семејството и роднинските врски;
- разликува роднини, пријатели и соседи и ги почитува;
- знае како се одржува лична хигиена и како треба да се грижи за своето здравје;
- знае што е здрава храна и прави избор при исхраната;
- самостојно го осмислува своето слободно време;
- идентификува и искажува различни емоции кај себе и кај другите;
- ги познава и именува позначајните објекти, места и институции во непосредната околина и се ориентира по нив;
- ги знае позначајните природни богатства и културни знаменитости во својата околина;
- знае како се вика татковината, ги знае знамето и симболите;
- набројува некои географски поими во крајот во кој живее (рид, планина, река, езеро и сл.);
- ги именува деловите на растенијата (корен, стебло, гранка, лист, цвет, плод, семка);
- ги набројува животните циклуси (раѓање, растење, размножување, умирање);знае сличности и разлики меѓу растенијата, животните и човекот;
- знае неколку начини за чување и заштита на својата околина;
- ги знае основните услови за живот;
- извршува едноставни истражувања;
- знае да ги определи главните страни на светот;
- ги знае месеците во годината-правилно чита и употребува календар;
- го употребува часот како мерка за време;
- се ориентира во просторот според страните на светот;
- знае да ја проценува ситуацијата во сообраќајот и безбедно преминува улица;
- ги знае и ги почитува основните сообраќајни правила и знаци;
- разликува видови на сообраќај и сообраќајни средства;
- користи ИКТ за стекнување на сознанија за човекот, животните и растенијата.

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по запознавање на околината за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-521/4
23.06. 2010 год.
СКОПЈЕ

Скопје 23. 06. 2010

Никола Тодоров,
министер за образование и наука